**Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН – Центар за еколошка демократија**
(во партнерство со Македонско здружение на млади правници, Центар за правни истражувања и анализи и Милеуконтакт Македонија) во рамки на проектот
**„Зајакнато граѓанско учество во заштита на животната средина“**
поддржан од Expertise France, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

*за избор на членови на локални акциски тимови (CATs)*

## 1. За проектот

Проектот има за цел да придонесе кон ефективен граѓански ангажман насочен кон унапредување на заштитата на животната средина во Северна Македонија.

Специфичните цели на проектот се:

(1) зајакнати капацитети на локалните заедници за учество во еколошкото одлучување и користење на правни механизми и

(2) зголемена одговорност и реактивност на државните институции и судството во областа на животната средина.

Проектот е структуриран во три меѓусебно поврзани компоненти:

- Мониторинг,
- Зајакнување и
- Реакција и ангажман.

Во рамки на третата компонента е предвидено воспоставување на Community Action Teams (CATs) како мобилни и реактивни локални тимови.

## 2. Контекст и оправданост

Иако Северна Македонија располага со солидна правна рамка во областа на животната средина, предизвик останува нејзината ефективна примена. Ограничената транспарентност, доцното и често формално вклучување на јавноста, недостигот од стандардизирани јавни консултации и слабата употреба на правни механизми негативно влијаат врз квалитетот на еколошкото управување.

Истражувањата спроведени во 2024 година покажуваат ниско ниво на информираност на населението за можностите за учество во одлучувањето за прашањата во доменот на животната средина. Ова пред се се однесува на достапноста на  јавните повици за консултации и за

достапноста на расположливите правни механизми. Поради тоа, проектот предвидува директна теренска поддршка на локалните заедници преку воспоставување на локални акциски тимови (CATs).

## 3. Цел на повикот

Со овој повик се избираат 15 локални еко-активисти и граѓански ангажирани поединци за формирање на пет локални акциски тимови (CATs).

CATs ќе дејствуваат како локални фокални точки кои ќе извршат идентификување, документирање и пријавување на еколошки проблеми, како и за поттикнување на граѓанско учество во релевантни постапки и процеси на одлучување.

## 4. Број, состав и територијална распределба

- Ќе бидат формирани 5 локални акциски тимови (CATs).
- Секој тим ќе биде составен од 3 члена, односно вкупно ќе бидат ангажирани 15 лица.
- Тимовите ќе бидат географски распределени со цел да обезбедат покриеност на сите плански региони во Северна Македонија (доколку е применливо).
- Во процесот на селекција ќе се води сметка најмалку 40% од избраните членови да бидат жени.
- Ќе се настојува секој тим да има разновидни и комплементарни компетенции, како што се еколошки активизам, право, новинарство, истражување, комуникации или работа со заедници.

## 5. Задачи и обврски на членовите на CATs

- следење на локални состојби и појави поврзани со загадување, деградација или други притисоци врз животната средина;
- спроведување теренски посети и прибирање релевантна документација, вклучувајќи фотографии, видео материјали, GPS податоци и кратка наративна документација;
- комуникација со локално население, граѓански иницијативи и други засегнати чинители;
- мобилизирање и информирање на граѓаните за можностите за учество во јавни расправи, консултации, ЕИА/СЕА постапки и други релевантни процеси;
- идентификација на случаи што можат да бараат институционална реакција или понатамошна правна анализа;
- учество во координациски состаноци и придонес кон периодични теренски извештаи;
- соработка со проектниот тим и со проектната група за стратешко застапување (SLEG).

**Правна поддршка:** На CATs ќе им биде обезбедена континуирана правна поддршка (доколку има потреба од тоа) од адвокат/и назначени во рамки на SLEG, со цел нивната работа да биде насочена, релевантна и употреблива и за понатамошни правни активности.

## 6. Времетраење и очекувани резултати

- CATs ќе бидат оперативни 6 месеци.
- Во текот на ангажманот ќе се подготват вкупно 15 теренски извештаи.
- Ќе се обезбеди директна комуникација и ангажман со најмалку 50 локални жители.
- Работата на CATs ќе придонесе кон поголема видливост на локалните еколошки проблеми, поголема доверба на граѓаните во механизмите за еколошко управување и зголемена институционална реактивност.

## 7. Кој може да се пријави

- лица на возраст од најмалку 18 години;
- лица кои живеат во Северна Македонија и се активни во локалната заедница;
- лица со интерес или искуство во областа на екологија, граѓански активизам, јавни политики, учество на јавноста, човекови права, новинарство, локално застапување, право или сродни области;
- лица подготвени за теренска работа, комуникација со локално население и координација со проектниот тим;
- лица со основни дигитални вештини за документирање, споделување информации и известување;
- лица кои покажуваат одговорност, интегритет, иницијативност и способност за тимска работа.

## 8. Предност при изборот

- докажано претходно искуство во локален еколошки активизам;
- делување во средина со изразени еколошки предизвици;
- искуство во документирање на проблеми на терен;
- знаење или искуство од областа на екологија, право, граѓанско учество, медиуми или комуникации;
- соработка со локални заедници, иницијативи или граѓански организации;
- можност за придонес кон мултидисциплинарноста на тимот.

## 9. Потребни документи за пријавување

- Пополнет образец за аплицирање;
- По можност, прилози што го потврдуваат претходниот ангажман (линкови, фотографии, медиумски прилози, препораки и сл.).

## 10. Начин и рок за поднесување на пријавите

**Пријавите се доставуваат на е-пошта:** project@florozon.org.mk **со назнака** *“Application for Community Action Team (CAT)”*

**Краен рок за поднесување на пријавите:** 30.03.2026

Нецелосни и ненавремено доставени пријави нема да бидат разгледувани.

## 11. Постапка за селекција

Селекцијата ќе ја спроведе проектниот тим врз основа на релевантноста на искуството, квалитетот на мотивацијата, локалната вкоренетост, способноста за теренска работа, регионалната и родовата застапеност и потребата од функционални тимови со комплементарни профили.

По потреба, со дел од кандидатите може да биде спроведено и кратко интервју. Само избраните кандидати ќе бидат контактирани.

## 12. Напомена

Особено се охрабруваат да се пријават жени, млади еко-активисти, лица од рурални и помали општини, како и кандидати од заедници со изразени еколошки проблеми.

Контакт лице: Кирил Ристовски
Е- маил: kiril.florozon@gmail.com
Тел:078430251